# СТАТИИ-ПРИЛОЗИ

Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

## ДЕЛОТО НА МЕТОДИЈ*

Единаесет столетија не делат од смртта на Методиј Солунски и Моравски. Тој го продолжи и го заврши просветителското дело на својот знаменит брат Кирил, давајќи, во истовреме, свој придонес во поставувањето и продлабочувањето на словенската писменост, на народната словенска култура. Тоа се единаесет столетија на незаборавник, со кој словенските народи влегоа во релациите на човечката цивилизација. Првиот Кирило-Методиев потег во преводот на словенското писмо: „Искони бје словото" — „Во почетокот беше словото" претставува пред сè прогресивен творечки подвиг.

На 6 април 885 година, во далечната Моравија, го завршил својот живот Методиј. Житието вели дека народот му одел на последно простување, му го оддавал заслуженото признание, зашто, како што се вели: „. . . им беше сè на сите, за да ги придобие сите". Со тоа се искажува благодарност за неговата повеќе од дваесетгодишна неуморна мисионерска работа за просветување на народот, за воведување словенско писмо и словенска служба во црквата. Таа негова посветеност, како и на неговиот брат, кон словенското дело има епохално значење за натамошниот развој на словенските народи, југословенските народи, македонскиот народ. Благодарение на тоа епохално дело се удрени темелите на словенската просвета и култура, на словенската писменост и книжевност. Тоа значи своевиден подвиг за чекорење по светлините на слободата.

Делото на Методиј, е единствено — Кирило-Методиевско дело. Тоа има епохално значење за историскиот и за просветно-културниот развој на сите словенски народи, но тоа и ја предизвика науката. Во славистиката, во словенската филологија, во

*) Беседа одржана на свечената академија на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, на 24 мај 1985 година.

македонистиката — се создаде кирилометодиевска наука, кирилометодиевско прашање. Повеќе од 160 години се развива научен интерес за него. За ова единствено кирилометодиевско дело е објавена огромна продукција, така што студиите се регистрирани во десетина библиографски прегледи. Делото на Кирил и Методиј ги возбудувало и ги возбудува научните умови и е направен разностран пресврт во проучувањето на таканаречената кирилометодиевска проблематика.

## I

Методиевиот јубилеј претставува прекрасна можност и убав повод да се истакнат главните и суштествени страни во неисцрпното трајно дело на големите солунци.

Основите на делото на Кирил и Методиј се поставени во Македонија во IX век. Како резултат на словенското населување во VI и првите децении на VII век, цела Македонија, со исклучок на Солун, била населена со словенски племиња. Македонските Словени во VII век се обединуваат во племенски сојузи — склавинии. Склавиниите заземаат истакнато место во историјата на македонскиот народ. Тие одиграле значајна улога и придонеле Македонските Словени да го поминат патот од племиња кон феудален народ, од воена демократија кон феудална држава. Всушност, тука и се создаваат основите на македонскиот етнос, на македонскиот народ од кој во текот на историскиот развој се оформи македонската нација.

Македонските склавинии, кои византиските извори ги нарекуваат: „склавинии во Македонија", ја изградувале и ја заштитувале својата самостојност и слобода. Но, со текот на времето тие, поради можноста за создавање единствена македонска држава почнале да претставуваат опасност за Византија, која настојувала да ги потчини со сила или да ги постави во вазален однос.

Во IX век почнале да се наметнуваат бугарските завојувања со што Македонија станувала арена на византиско-бугарските борби за превласт. Меѓутоа, македонските склавинии се спротиставувале на сите завладувања, бранејќи ја својата самостојност. Од средината на IX век се создавале нови услови за натамошно проширување на византиската власт во Македонија, но и натаму Македонските Словени претставувале фактор во политиката на византиската империја. Таа започнувала да применува дипломатски и други мерки за да ги потчини. Една од тие форми претставува и водењето активна политика за христијанизирање на Македонските Словени. Тоа бил нов начин на потчинување, но, придонесувал, од друга страна, во тогашните

услови, за издигнување на словенските племиња кон повисока култура, изградување на самобитни начела. Всушност, овој процес најрано започнал кај Македонските Словени и кај нив континуирано се одвивал. Од нивната средина започнале да се истакнуваат духовно издигнати личности, кои се наметнувале на Византија со својот углед, со својата образованост, со својата перспективна насоченост. Тоа биле солунските браќа Константин — Кирил и Методиј. Ним им биле доверувани специјални државни мисии, а важеле за високообразовани личности. Тие биле солунци, од угледно семејство.

Во науката се изнесени неколку мислења за нивното потекло. Нивното македонско-словенско потекло се надоврзува кон словенското дело. Особено индикативно е мислењето на познатиот византолог Фјодор Успенски, кој во 1885 година се изјаснил дека „не би можела да се разбере дејноста на Кирил и Методиј ако не се смета дека тие по потекло се Словени". Забележително е и инсистирањето на византискиот император Михаил III пред Константин—Кирил: „Ви бо јеста Селуњанина, да Селуњани аси чисто словенски беседујут" — „Вие сте солунци, а солунците сите чисто словенски зборуваат". Овој аргумент е за посебно одбележување, а е искажан пред Моравската мисија.

Квалитетите на солунските браќа Византија ги користела на свој специфичен начин. Константин—Кирил, кој бил наклонет на науката, а кој стекнал највисоко вредносно образование и воспитание, бил користен во дипломатски и во други мисии. Постариот брат — Методиј се посветил на воената кариера и како таков бил ползуван од господаречката власт. Особено е значајно неговото ангажирање за воен управник, како што се вели во изворите, на „словенско кнежество". Во Житието се говори како за „књажение словенско". Се уште прецизно не е утврдено за кое словенско кнежевство, за која македонска склавинија се однесува неговото управување. Најмногу приврзаници има мислењето дека тоа кнежевство се наоѓало во Македонија, во областа Стримон, на реката Струма. Образложено е и друго мислење дека тоа се наоѓало во струмичко-брегалничката област на византиско-бугарската граница.

Како воен управник во „словенско кнежевство", Методиј вршел повеќе должности. Утврдено е дека тој е автор на многу важниот документ — „Закон судниј људем", што бил напишан на словенски јазик со грчки букви и се смета за „првенец на сета словенска литература". За оваа значајна творба се води дискусија во науката. Особено е интересно мислењето на уважениот научник С. Троицкиј, кој смета дека овој законик е создаден во Македонија, и тоа во времето кога Методиј бил на чело на едно словенско кнежевство.

По престанувањето на воено-управничката дејност на Методиј, тој, заедно со брата си, учествувал во неколку дипломатски мисии, а потоа се повлекол во тивкиот манастирски живот.

Дипломатската и просветно-културната дејност на солунските браќа Константин—Кирил и Методиј предизвикала интерес во Византија и надвор од неа. Токму тоа е времето (862 година) кога моравскиот кнез Ростислав се обратил до Византија да му испрати учени луѓе, кои ќе ја објаснуваат вистинската христијанска вера на разбирлив словенски јазик. Овој историски апел на Ростислав не бил случаен, бидејќи тој, најсигурно, бил известен дека такви учени луѓе постојат во Византија. Од друга страна, самиот византиски император веќе знаел за кого да се определи. Тоа биле солунските браќа Константин—Кирил и Методиј, кои стекнале вредно искуство во дипломатските мисии, во просветно-културната дејност меѓу Македонските Словени, како и во тоа дека го знаеле словенскиот јазик, бидејќи биле од Солун.

Тоа претставува пресвртен чин во биографијата на солунските браќа и има епохално историско значење. Особено се изразува во создавањето на словенската азбука — глаголицата и на словенската писменост од Константина—Кирила со подготвување на најважните црковни книги на словенски јазик. Во науката непобитно е утврдено, и покрај многуте претпоставки, дека јазикот на оваа словенска писменост е изграден врз основа на јазикот на солунските браќа Константин—Кирил и Методиј, солунскиот македонски говор. Особеностите и специфичностите на тој старословенски јазик дефинитивно се сврзуваат со македонската средина во IX век.

Со капиталните студии на авторитетите во славистичката наука, особено на Ватрослав Јагиќ и Ватрослав Облак, дефинитивно е разјаснето прашањето дека од Македонија потекнува јазикот на солунските браќа Константин—Кирил и Методиј, со кој тие ги превеле првите словенски книги. Така е создаден првиот литературен јазик на Словените, кој со време се усовршува кај словенските народи. Оттука, без основа се квазинаучните разбирања за некаков „старобугарски" карактер на Кирило—Методиевиот јазик. Непобитно и најаргументирано е утврдено во науката дека корените на овој јазик се засноваат врз македонските говори од јужна Македонија, врз јазикот на Македонските Словени. Ќе ги споменеме најновите искажувања на познатиот филолог Јиржиј Веселиј за тоа каква била смислата на Константин—Кирил и Методиј да создадат „старобугарски" јазик и со него да ги подучуваат Словените и како може тој „старобугарски" јазик да ги „обедини Словените", кога во тоа време ни бугарите немале ниту сопствен, ниту народносен, ниту пак верски идентитет.

## II

Најзабележителен пункт во биографијата, во политичката и во просветно-културната дејност на солунските браќа Кирил и Методиј зазема нивната Моравско-панонска мисија. Во науката се изнесени повеќе мислења за целта и карактерот на оваа мисија. Поводот е сосема очевиден. Да им се помогне на Великоморавците во нивната земја да се воведе словенското писмо и словенската богослужба. За тоа нивно историско барање влијаеле повеќе фактори. Пред сè: засилената германизација, тенденцијата за сопствена државност, обезбедувањето самостојност и независност. Особено е искристализиран политичкиот и воено-стратегискиот фактор. Моравија се наоѓала во чести војни со франачката и со германските држави. Покрај тоа, во 862 година Бугарија била сојузник на овие држави. Тогаш се водени и преговори помеѓу нив за воен сојуз против Моравија. Затоа, моравскиот енергичен кнез Ростислав побарал од Византија да му се испратат мисионери, кои ќе ја шират богослужбата на разбирлив словенски јазик, со цел да се осуети германско-бугарскиот сојуз.

Очигледно е дека историскиот апел на Ростислав содржи во себе политичка основа, а бил диктиран од тогашната констелација на моравската држава, за да се зачува самостојноста, да се отстрани асимилацијата. Тој негов потег веднаш бил прифатен од Византија зашто одговарал и на нејзините политички и други интереси. Целта била да се спречи ширењето на франачкото и германското влијание на Исток, а од друга страна да се форсира византиското влијание меѓу словенските народи и да се парира на бугарскиот сојуз со франачката и германските држави. На тој начин почетокот на Моравско-панонската мисија на солунските браќа Константин—Кирил и Методиј во 863 година е обвиен со политичка нота и интереси.

Византија верувала во опитноста на своите мисионери, кои стекнале големо искуство во поранешните мисии. Меѓутоа, состојбата во Моравија била поинаква. Мисијата на солунските браќа, покрај својот политички аспект, добивала и просветно-културен карактер. Во почетокот политичката цел на мисијата била доминантна, но, подоцна, со текот на времето таа се губи, бидејќи солунските браќа својата дејност исклучително ја посветиле на големото словенско дело. Тоа добило дефинитивно вистинско значење, бидејќи го зрачело целиот словенски свет со просвета и култура.

Моравско-панонската мисија на солунските браќа Константин — Кирил и Методиј се одвивала во неколку етапи. Тие требале да извршат грандиозна работа, па тука, во Моравија, ја продолжуваат својата поранешна дејност во ширењето на сло-

венската просвета и култура, во развивањето на богослужбата на словенски јазик. Од словенскиот народ во Моравија биле дочекани со одушевеност. Во Житието се вели дека тие огреале „. . . како сонце со своите лачи, со своето излагање и проповед“. Но, нивната просветно-културна работа била попречувана од германското свештенство и затоа од Моравија преминале во Панонија, кај кнезот Коцељ, кој имал слични проблеми како кнезот Ростислав.

Потем заминале за Рим за да го бранат своето учење. Римскиот папа во почетокот ја одобрувал и ја поздравувал нивната просветителска работа. Затоа, во Рим браќата и нивните ученици добиле високи почести и признанија, а била одобрена и целокупната нивна работа. Тука Константин го добил монашкото име Кирил, а му биле оддадени високи почести сè до неговата смрт во 869 година. Такви почести му биле дадени и на Методиј, кој добил висок свештенички чин — архиепископ. Тоа значело големо признание за неговото дело. Повеќе од една деценија, сè до својата смрт во 885 година тој работел на делото на брата си, во Моравија и Панонија внесувајќи нови содржини во ширењето на словенската просвета и култура. Особено големи усилби Методиј вложил во установувањето на панонската архиепископија, што значела црковна и политичка независност на Панонија и Моравија.

Успешната дејност на Методиј, како во Моравија така и во Панонија и натаму наидувала на спротиставување на германското свештенство. Тие се противеле на целокупната дејност на Методиј, особено на неговата ангажираност за дооформување на преводот на евангелието и преводот на другите книги. Сето тоа значело негов голем придонес за развојот на словенската писменост. Но, германските феудални кнезови настапувале сè поагресивно и работите во Моравија и во Панонија се измениле на штета на словенското дело, предводено од Методиј. Тој бил затворен и издржал две и пол години во германските затвори. Потоа повторно ја продолжил работата и се подготвувал да ја брани словенската вистина во Рим. Во 881/882 година патувал за Цариград и, според едно мислење, патот го водел преку Далмација — Драч и Македонија. Повторно се вратил во Моравија и продолжил со својата дејност сè до 885 година, кога го завршил својот макотрпен живот посветен на словенското дело.

Делото на Методиј и на неговиот знаменит брат Кирил го продолжиле нивните ученици. Меѓутоа, и тие биле подложени на жестоко прогонување и, на крајот, биле изгонети од Моравија и Панонија. Делото на солунските браќа се продолжува во сосема нови услови.

Кирило-Методиевата генерација во личноста на Климент и Наум развива успешна просветно-културна дејност, што особено се изразува во развојот на Климентовата школа во Охрид, од каде што, според пространото житие, излегле 3500 ученици. Во Охрид со нови димензии се шири словенската писменост, и моќне развиената книжевна дејност, што наоѓа израз во формирањето на Охридската книжевна школа. Охрид станува крупно просветно-културно средиште, по заслуга на Климент, чија фигура добива општословенско значење. Со тоа континуирано продолжила културно-политичката самобитност на словенските, на југословенските народи, на македонскиот народ. Македонија повторно станала расадник, од каде што се шират словенската писменост и култура по целиот словенски свет.

## III

Делото на Методиј и на неговиот знаменит брат Кирил добило грандиозен одглас и внимание кај сите словенски народи. Тоа придонело да се создаде кирилометодиевска традиција, и тоа од разновидни аспекти во областа на просветата, науката, книжевноста, уметноста, воопшто во културата. Меѓутоа, кирилометодиевската традиција, за повеќе словенски народи, особено за југословенските и за македонскиот народ, има прогресивен и револуционерен карактер. Таа е вградена во храбрата революционерна традиција и претставува црвена нишка и движечки мотив во борбата за национално и социјално ослободување, што е особено карактеристично за новата и најновата историја.

Голем придонес за развивањето на оваа кирилометодиевска традиција има Климент Охридски, кој со патос и љубов го негува, почитува и го развива нивното огромно наследство. Тој прв го воведува култот и споменот кон словенските браќа, и со милозвучен восхит го воспеал нивното големо дело.

Во текот на изминативе единаесет столетија кирилометодиевската традиција и култот кон Кирил и Методиј се развива разнообразно во сиот словенски свет. Прво тоа се одразува во јужнословенската ликовна традиција. Забележителна е присутноста на портретите на Кирил и Методиј. Силен одблесок нивните ликови наоѓаат и во македонскиот фреско-живопис и во иконописот од XI па сè до крајот на XIX век. Во XVIII и XIX век оваа традиција наоѓа израз во „Седмочисленициге“, што се однесува на Кирил и Методиј и на нивните ученици.

Во текот на вековите се ширел споменот за Кирил и Методиј кај сите југословенски народи. На широка скала наидува кирилометодиевската традиција во Хрватска и Далмација што продолжува сè до денес. Во Словенија во XVII век Јанез Валва-

зор го истакнал придонесот на Кирил и Методиј. Во 1777 година во Љубљана започнало јавно празнување на браќата Кирил и Методиј. Во епохата на словенечката преродба започнал да се развива култот кон солунските браќа и се формирало Братството „Св. Кирил и Методиј".

Југословенските поети и писатели, како и југословенските научници со љубов и пиетет го обработуваат делото и култот на Кирил и Методиј. Насекаде, за време на Јубилејните Кирило-Методиеви годишнини се одбележува големото дело на солунските браќа.

Во Македонија, во текот на изминатите единаесет векови, постојано се величи споменот кон светите браќа Кирил и Методиј. За време на македонската преродба, особено е изразен жив интерес за нивното дело, за кирилометодиевското прашање. Се организираат прослави, се празнуваат нивните јубилеи и денови, се отвораат училишта и цркви со нивните имиња.

Македонските писатели со особен пиетет и почит се однесуваат кон личностите на Кирил и Методиј, кон нивното големо дело. Христофор Жефаровиќ во 1741 година прв го претставил ликот на Методиј. Јордан Хаџи Константинов Џинот и Ѓорѓи Динката во своите написи говорат за солунските браќа. Партениј Зографски ги превел житијата. Константин Миладинов ги именува: просветители наши Кирил и Методиј.

Во 1860 година во Охрид работи тајно училиште посветено на Кирил и Методиј. Во еден запис од 1865 година еден свештеник од Крива Паланка бележи: за нашите словенски учители и просветители Кирил и Методиј. Особено голема дејност во развивањето на кирилометодиевската традиција презел Рајко Жинзифов, кој во руските списанија од 1863 година наваму печател статии посветени на Кирил и Методиј. Тој истакнува дека тие се родиле во „славјанска Македонија", а нивното дело го празнувале сите словенски народи, особено во време на илјадагодишнината од Моравската мисија. Во своите песни тој го зема мотивот за солунските браќа. Големо внимание и почит кон Кирил и Методиј изразувале и Ѓорѓи Пулески, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков и други македонски културни дејци.

Од особено значење биле подготовките за празнувањата и самите празнувања на илјадагодишнината од смртта на Методиј: 1885 година. Забележителни, по тој повод, се истапувањата со свои говори и беседи на Трајко Китанчев и Григор Прличев. Трајко Китанчев, на кого добро му била позната дејноста на Кирил и Методиј, говорел, како што кажува Ѓорче Петров, на македонски народен јазик. Знаменито било и словото на Григор Прличев, кој со почит и возбуда говорел за солунските браќа. Својата реторска беседа за Кирил и Методиј ја исполнил со ѕвездоподобни искажувања и низ една носталгична им-

пресија за „мајка Македонија“, која била „многу ослабната“, изразувајќи, во исто време, верба во нејзината иднина. Големи биле празнувањата во 1885 година. Тогаш, истакнатиот деец Исаија Радев Мажовски патувал во Петроград на овие празнувања, од името на словенска Македонија.

На кирилометодиевска традиција во Македонија и се придодава и политичка нота. Така, уште во „Правилата на Македонскиот востанички комитет“ од 1878 година Македонија се именува како земја на „славните словенски просветители“. Во „Малешевски Балкан“ од 1897 година Македонија се именува како мајка на браќата Кирил и Методиј. Гоце Делчев уште во училишните денови обрнал внимание и со почит се однесувал кон делото на Кирил и Методиј. Македонистите со гордост во своите написи се восхитуваат од делото на солунските браќа (А. Драндар — А. Брутус). Ѓорче Петров говори дека во времето на планирањето на Востанието во 1903 година имало предлог тоа да се подигне на денот на Кирил и Методиј. Во времето и непосредно по Илинденското востание, во словенските земји поддршката на македонската борба за слобода се поврзува со ликовите на солунските браќа, чијашто татковина била поробена. Во развивањето на кирилометодиевската традиција и култот кон личностите на Кирил и Методиј особено е значаен придонесот на Македонското научно литературно другарство во Петроград, кое за свои патрони ги зема Кирил и Методиј и во периодот 1903—1914 година го афирмира нивното дело. Во таа дејност особено активни биле Крсте Мисирков и Димитрија Чуповски.

Македонската прогресивна генерација од периодот помеѓу двете војни со особена почит се однесува кон ликовите и делото на Кирил и Методиј. Во 1940 година, во Македонскиот литературен кружок во Софија, Никола Јонков Вапцаров говорел за Кирил и Методиј и за нивното големо дело. Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, почнувајќи од 1940 година, потем во текот на НОБ, во своите летоци и прогласи изразува признание на делото на солунските браќа. Во воените прогласи постојано се протестира против присвојувањето на Кирил и Методиј и на сè што е македонско од страна на бугарските фашисти.

*

*    *

Делото на Методиј и на неговиот знаменит брат Кирил има епохално значење. Тоа нивно стојносно дело го оцениле уште на времето нивните најблиски соработници. Така, Климент Охридски во „Пофалното слово“ оддава признание на следниов начин: „Се појавивте рамни на небото и сè поднебесно изодивте

со своите стапки и сиот свет го огреавте. Благословен е вашиот јазик со кој сте ги посеале духовните зборови, за спасение на безбројните народи... Достојно да одиме по вашите стапки". И визионерски се изразува признателноста: „Слава и чест и почит до векот на вековите".

Оваа благодарност на највпечатлив начин ја изразува признателноста кон големото дело на солунските браќа Кирил и Методиј. Тоа дело добива општочовечко значење со поставувањето на браќата Кирил и Методиј во редот на знаменитите луѓе на човештвото.

## ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

### А. ИЗВОРИ

Ангелов Б. С. и Х. Колев, Климент Охридски. Събрани съчинения. София, БАН 1973; Андонов — Полјански Христо, Британска библиографија за Македонија. Скопје, Архив на Македонија 1966; Антиќ Вера, Прилог кон Кирилометодиевската библиографија. — Историја (Скопје) 2 (1969; АСНОМ. Документи од Првото и Второто заседание на АСНОМ. Т. И. кн. 2. Скопје, Архив на Македонија 1984; Бильбасов В. Л., Кирил и Методий по документельным источникам. 1—2. С — Петербург 1868—1871; Вапцаров Никола Ј., Творби. Избор и предговор Гане Тодоровски. Скопје, Мисла 1979; Византиски извори за историју народа Југославије. I—II. Београд, САН 1955—1959; Воронов Д. А., Главнейшие источники для истории св. Кирила и Мефодия. Киев 1877; Ганев В., Закон соудный людъм. София 1959; Гоце Делчев во спомените на современиците. Редакцијата Х. Андонов — Полјански. Скопје, Култура 1972; Grivec Fr. Žitja Konstantina in Metodija. V Ljubljani 1951; Grivec F. F. Tomšić, Constantinus et Methodius Thessalonienses. — Fontes. Radovi Staroslovenskog instituta. Knj. IV. Zagreb 1960. (Konstantin i Metodija Solunjani); Dvornik F., Les Légendes de Constantin et de Méthode vues de Byzance. Prague 1933; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Том I. Скопје Универзитет „Кирил и Методиј" 1981, 52—68; Дуйчев Ив., Из старата българска книжнина. И. София 1943; Дуйчев Ив., А. Кирмагова и А. Паунова, Българска кирилометодиевска библиография за периода 1944—1961. — Сборник „Хиляда и сто години славянска писменост 863—1963. София 1963; Жинзифов Рајко, Одбрани творби. Приредил Гане Тодоровски. Скопје, Мисла 1981; Закон Судый людем. Краткои редакции. Подготвили к печати М. Н. Тихомиров и Л. В. Михов. Под редакцией академика М. Н. Тихомирова. Москва, АНСССР 1961; Извори за Ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941—1945. Т. И. Кн. I. Скопје, ИНИ 1968; Ильинский Г. А., Опыт систематической Кирило-Мефодьевской библиографии. София, БАН 1934; Конески Блаже, Оливера Јашар — Настева, Македонски текстови од 10—20 век. Скопје; Лавров П. А., Материалы по истории возникновения древнейшей письмености. Ленинград 1930; Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ. I дел. Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј" 1975; Мечев К., Кирил и Методий. Исторически извори и литературни паметници. София 1969; Миладинов Константин, Избор и предговор Гане Тодоровски. Скопје, „Мисла" 1980; Панонски легенди. Превод Р. Угринова — Скаловска. Скопје, Македонска книга 1969; Поленаковиќ Харалампие, Прилог кон кирило-методиевската библиографија. — Литературен збор (Скопје) 5 (1964); Попруженко М. и Ст. Романски, Библиографически

преглед на славянските източници за живота и дейносьта на Кирила и Методия. София, БАН 1935; Попруженко М. и Ст. Романски, Кирилометодиевска библиография за 1934—1940. София, БАН 1942; Теодоров — Балан А., Кирил и Методиј. I—II. София 1920, 1934; Tomšič F., Vitae Methodii. — Slavistična revija (Ljubljana) 3—4 (1955); Трифуновић Б., Ћирило и Методије. Житија — службе — канони — похвале. Београд 1964.

## Б. ЛИТЕРАТУРА

Алексова Блага, Баргала — Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања.— Гласник на ИНИ XI/3 (1967); Андонов — Полјански Христо, Гоце Делчев и неговото време. Скопје, Култура 1972; Андонов — Полјански Х., Македонија и Словенија. Скопје, Култура 1978; Андонов — Полјански Х., Одбрани дела. 1—5. Скопје, „Мисла" 1980—1981; Antoljak S., Unsere Sklavinien. — Actes du XIIe Congres international d'Etudes Byzantines. Ohride II. Beograd 19 4; Antoljak S., Makedonija u 9. stoljeću. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Балабанов Коста, Култот кон словенските просветители во животописот и иконописот. — Нова Македонија 2 март 1969; Балабанов К., Словенските просветители Кирил и Методи во делата на македонските иконописци од XIX век. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Баласчев Г.. Найстарата славянска държава на Балканския полуостров през VII и VIII век и нейния етнически състав с две карти. София 1924; Беляев И., Жизнь святыих Кирила и Мефодия учителей славянский. Москва 1871; Bogata historie i dnešen. — Rudé Právo (Praha) 98 (1985); Бошкоски Борис, Свети Кирил-мисионер и заштитник на словенската писменост. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Vymetal Fr., Solunšti bratri. Lidová Democracie (Praha) 93 (1985); Георгиев Е., Кирил и Методиј основоположници на славянските литератури, Софий 1956; Георгиев Е., Кирил и Методий. Истината за създателите на Българската и славянска писменость. София 1969; Георгиевски Михаjло, Расцут на книжевноста во Македонија. — Нова Македонија 13. IV. 1985; Гилфердинг А., О Кириле и Мефодие и тъсячетлетией годовщине. — Кирило-Мефодиевский сборник. Москва 1865; Гошев И., Кирил и Методий. — Годишник на Софийски Университет. Богословски факултет VI (1938); Грацианский Н., Деятельност Константина и Мефодия в Великоморавском кнежевстве. — Вопросы истории (Москва) I (1945); Grivec Fr., Slovanska apostola Sv. Ciril in Metod. Ljubljana 1927; Grivec Fr., Konstantin und Method. Wiesbaden 1960; Grivec F., Slovanska blagovestnika Sv. Ciril in Metod. Celje 1963; Грозданов Цветан, Портрети на светителите на Македонија од IX—XVIII век. Скопје Републички завод за заштита на спомениците на културата 1983; Гюзелев В., Княз Борис Първи. България през втората половина на IX век. София 1969; Damjanović Sv., Jedanaest stoljeća nezaborava. — Oko (Zagreb) 17—31. I. 1985; Durnovo N., Еще о происхождения старославянского языка и письма. — Byzantinoslavica (Praha) I/III (1931); Dvornik Fr., Les Slaves, Byzance et Rome au IXe siècle. Paris 1926; Dvornik Fr., Légendes de Constantin et de Méthode vues de Byzance. Praha 1933; Dvornik Fr., The Significance of the Missiones of Cyril and Methodius. — Slavic Review (Washington) June (1964;; Dvornik Fr., Byzantské misie u Slovanú. Praha 1970; Димевски Славко, Кон 1100 годишнината од смртта на Методиј Солунски. — Нова Македонија 27 — 31. III. 1 — 3. IV. 1985; Dittrish Zd., Christianity in Great Moravia. Groningen 1962; Елпидинский Я., Кирил и Мефодий просветители Слвян. Петрозаводск 1885; Илиќ В. И. Кирилометодиевската традиција во две беседи на Григор Прличев. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Историја на македонскиот народ. Т. 1. Скопје, ИНИ 1969; Историја народа Југославије.

Т. И. Београд 1953; История Чехии. Москва 1947; Jagić V., Konstantin (Ciril) i Metodij osnivači slavenske crkve i književnosti. — Rani kraći radovi. Zagreb 1948; Јагиќ В., Кирил и Методи и нивните ученици. Скопје, ИНИ 1954; Јурковић Љ. Д., Прва дипломатска мисија Константина Филозофа — Кирила просветитеља Словена. — Зборник за друштвене науке Матице Српске. Нови Сад 1956; Каждан А. П. — Г. Г. Литаврин, Очерки истории Византии и южных Славян. Москва 1958; Кардељ Едвард, Одбрани дела. И. Скопје, „Комунист" — „Мисла" 1980; Кирил Солунски 1—2. Скопје, МАНУ 1970; Кирило — Методиевска енциклопедия А — З. София, БАН 1985; Кирило-Методиевски страници, София 1983; Кирило-Методиевски студии. Книга I. София, БАН 1984; Кирило-Мефодиевскй сборник. Москва 1965; Киселков В. С., Славянските просветители Кирил и Методий. София 1945; Климент Охридски, Скопје 1974; Книга за Климент Охридски. Скопје, „Кочо Рацин" 1966; Конески Блаже, За македонската литература. Скопје, „Култура" 1967; Конески Б. Македонскиот јазик во развојот на словенските литературни јазици. Скопје, „Култура" 1968; Конески Б., Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија. Скопје 1975; Конески Б., Кирилометодиевска традиција меѓу Јужните Словени во XVIII и XIX век. — Предавања на VIII Семинар за македонски јазик, литература и култура (1975), Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј" 1978; Конески Б., Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје, „Култура" 1982; Конески Б. Историја на македонскиот јазик. Скопје, „Култура" 1982; Koneski B., Konečni smisao zavjeta. — OKO (Zagreb) 11 — 25. IV. 1985. Intervju — G. Stojkovski); Копецки Милан, И всички други да разберат. — За буквите (София) април 1985; Куев К., Черноризец Храбър. София 1967; Лавровский П. Св. Кирилл и Мефодий. Харьков 1963; Lacko M., St Cyril a Metod. Roma 1963; Мальшевский Ив., Святие Кирилл и Методий первоучители славянские. Киев 1886; Методиевский юбилейний сборник. Варшава 1885; Мечев К., Климент Охридски е общото похвално слово за Кирил и Методий. — Сборник Климент Охридски 916—1966. София, БАН 1966; Македонска књижевност. Београд 1968; Nazor A., Ćirilu i Metodiju u čast. — OKO 11 — 25. IV. 1985; „Не се Бугари". — Нова Македонија 13. IV. 1985 („Авенире". Рим); Острогорски Георгије. Историја Византије. Београд. „Просвета" 1959; Ostrogorski G., Vizantija i Južni Sloveni. — Jugoslovenski Istorijski Časopis I (1963); Ostrogorski, The Byzantine Background of the Moravian Mission. — Dumbarton Oaks Papers XIX (1965); Острогорски Г., Византија и Словени. Београд, Просвета 1970; Отенко И., Константин и Мефоди. Варшава 1928; Панов Бранко, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век. — Гласник на ИНИ V/2 (1961); Панов Б., Карактерот на дејноста на браќата Кирил и Методија во Македонија. — Просветно дело XIX/7—8 (1963); Панов Б., Климент Охридски. — Историја III/1 (1967); Панов Б., Дејноста на Кирил и Методија во Македонија. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Панов Б., В какой области Македонии был Мефодий князем. — Actes du IIe congrès international des Études du Sud-est Europeén. T. I. Athenes 972; Panov B., Die Mission von Bregalnitza Konstantin des Philosophen — Kiril. — Годишен зборник 3 (29) /1977/; Панов Б., Бисер од културната ризница. — Млад борец (Скопје) 1459 (1985); Петканова Д., Константин — Кирил Денница на славянския род. София 1983; Пейчев Б. Методий — всеславянски апостол и учител. — Език и литература (София) 3(1985); Pogačnik J., Slovensko srednjeveško slovstvo in Ciril-Metodijska tradicija. — Кирил Солунски 1. Скопје МАНУ 1970; Поленаковиќ Харалампие, Белешки за кирилометодиевското прашање кај Македонците во XIX век. — Гласник на ИНИ VII/1(1963); Поленаковиќ Х., Творецот на словенската писменост Кирил Солунски. — Предавања на Првиот семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје 1968; Поленаковиќ Х, Словенските просветители Кирил и

Методија. Скопје 1968; Поленаковиќ Х. За словенските просветители Кирил и Методија. — Просветно дело XXV/1—2(1969); Поленковиќ Х., Дипломатски значај на мисиите на Браќата Кирил и Методија со особен осврт на Моравската мисија. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Поленаковиќ Х., Одзиви на Делото на Кирил Словенски кај Југословените. — Предавања на XII Семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј" 1979; Поп-Атанасов Ѓорѓи, Дело на словенските првоучители. — Нова Македонија 20. IV. 1985; Поповски Анте, Старомакедонскиот јазик — прв литературен јазик на Словените. — Нова Македонија 23. II,; 2. III. 1985; Радојичиќ Ѓ., О Константину — Кирилу и Методију и о почецима словенске писмености. — Кирил Словенски 1. Скопје, МАНУ 1970; Рибарова Зденка, Чехословачката славистика за јазикот на старомакедонските ракописи. — Културен живот (Скопје)/1983/; Ристовски Блаже, Крсте П. Мисирков. Скопје „Култура" 1966; Ристовски Б., Некои прашања околу појавата на христијанството и писменоста кај Словените во Македонија. — Кирил Словенски 1. Скопје, МАНУ 1970; Ристовски Б., Димитрија Чуповски, I—II. Скопје, „Култура" 1978; Ристовски Б., Основа на нова цивилизација. — Нова Македонија 20. IV. 1985; Сборник „Константин — Кирил Философ. „София, БАН 1969; Стаматовски Трајко, Од насушена норма до комплексна наука. — Нова Македонија 4. V. 1985; Стефанија Драги, Словенечките филолози и прашањата за основата на старословенскиот јазик. — Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Стојчевска — Антиќ В., Светила на Вселената. Кон 1100 годишнината од смртта на Методиј Солунски. — Нова Македонија 15—26. III. 1985; Теодоров — Балан А., Кирил и Методий. I—II. Софий 1920, 1934; Tisučnica slovjenskih apostolah sv. Cirila i Metoda. Zagreb 1963; Този Нико П., Кирил и Методиј во творбите на македонските копаничари. — Кирил Солунски 1. Скопје МАНУ 1970; Тот И., Константин — Кирил и Методий. София 1981; Троицки С., Номоканов св. Мефодия и его важность за наше время. Кирил Солунски 1. Скопје, МАНУ 1970; Троицкиј С., Да ли је „Закон судны и людем „саставио Свети Методије или бугарски кнез Борис?. — Историјски часопис (Београд) XI—XII (1963—1965); Троицкии С., Св. Мефодий как автор „Закона судного людъм. — Сборник „Македония и Македонци в прошлем. Скопје, ИНИ 1970; Троицкий С., Св. Мефодий как славянский законодатель. — Богословские труды. Московская патриархия. Сборник второй. Москва 1961; Троицкий Л. М., Св. Климент, епископ славянский. Сергиев Посад 1913; Тъпкова — Заимова В., Солунските славяни и произходът на Кирил и Методий. — Сборник „Константин — Кирил Философ". БАН 1969; Угринова Р., Животниот пат и делото на словенските просветители. — Универзитетски весник (Скопје) мај (1983); Угринова — Скаловска Р., Без затемнување на научните вистини. — Нова Македонија 20. IV. 1985; Hauptmann Lj., Uloga velikomoravske države u slaveno-njemačkoj borbi za Podunavlje. — Rad JAZU 243 (1932); Христовска М. А., Чествуване и во Ватикан. — Вечер (Скопје) 8. III. 1985; Чехословакия и България през вековете. София, БАН 1963; Шопов Димитар, Две поетски творби на Константин Брегалнички за епохалното дело на словенските апостоли. — Кирил Солунски 1, Скопје, МАНУ 1970.

Hristo ANDONOV-PALJANSKI

# THE WORK OF METHODIUS


## Summary

The basis of the work of Cyril and Methodius were made in Macedonia in the IX century. As a result of the Slavic settlement in the VI and first decades of the VII century, Macedonia, excluding Salonica, was inhabited by Slavic tribes. The Macedonian Slavs in the VII century unite in tribal unions so called sclavinii. The sclavinii took part an outstanding place in the history of the Macedonian people. The played an important role and contributed the Macedonian Slavs to pass the road from tribes to feudal people, from a military democracy to a feudal state. In fact, here the Macedonian ethnos was created, from which the Macedonian people in the course of the historical development has established the Macedonian nation.

Further on the author pointed out the enormous work of the Salonica brothers Cyril and Methodius as Slavic educators and founders of the Slav civilisation and culture. During their life they trained a lot of pupils who were supposed to go on with their noble work. That is why, we always remenber their merits for the Slavic world and for all the mankind. Their spirit great contribution bas been present with us for eleven centuries.